ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
бул: „Јане Сандански“ бр. 109 Б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-14/8
03 ОСТ 2024 20 год.
СКОПЈЕ

**До**
Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

Врска бр.18-14/1 од 02.01.2024 година

Врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), а во врска со доставен предлог за одобрување Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11 Општина Аеродром, Скопје, комисијата за урбанизам на Општина Аеродром формирана од градоначалникот со Решение бр. 04-10712/1 од 29.12.2022 година, Решение за измена на Решение за формирање комисија за урбанизам бр. 04-1236/1 од 22.02.2023 год., Решение за измена на Решение за формирање комисија за урбанизам бр. 04-1236/2 од 23.05.2023 год. и Решение за измена на Решение за формирање комисија за урбанизам на Општина Аеродром бр. 04-1236/3 од 15.06.2023 година дава:

**ПРЕДЛОГ**
за одобрување Планска програма за Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок И16.11 Општина Аеродром, Скопје

Преку електрионскиот систем е-урбанизам е поднесено барање бр. 58159 со архивски број 18-14/1 од 02.01.2024 година за одобрување Планска програма за ДУП за градска четврт И16 блок И16.11 Општина Аеродром, Скопје, со технички број 0801-566/22 од октомври 2024 година, изработена од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.

Границата на блокот И 16.11, кој зафаќа површина од 2,72 (од тоа 2.05 ha се во рамките на регулациска линија), се движи:

- на исток границата започнува од точка 1 и се движи во јужен правец по оска на сервисна улица „С8“ (планиран профил со РП на ГУП на Град Скопје за ГЧ И16), сè до точка 4;
- на југ границата започнува од најјужната точка 4 и се движи во западен правец по оска на собирна улица бул. „3-та Македонска бригада“ (планиран профил со ГУП на Град Скопје 2012-2022 за четврт И 16, сè до најзападната точка 3;
- на запад од точка 3, продолжува во северен правец по оската на сервисната улица „С5“ - (планиран профил со РП на ГУП на Град Скопје за ГЧ И16) сè до најсеверната точка 2;
- на север границата започнува од точка 2, продолжува да се движи во источен правец по оската на сервисната улица „С4“ (планиран профил со РП на ГУП на Град Скопје за ГЧ И16), сè до точка 1;

**Комисијата го разгледа барањето за одобрување на Планската програма и констатира:**

Планерот се задолжува прецизно и доследно да ги следи одредбите од важечкиот ГУП на Град Скопје за максимална бруто-изграденост за домување и други параметри.

Планската програма со техн. бр. 0801-566/22 од октомври 2024 година, од Друштвото за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје е изработена согласно со Законот за



Прими: Б. Анжелија

урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 225/20 219/21, 104/22, 99/23), како и со друга релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Врз основа на наведеното, согласно со член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 32/20), комисијата за урбанизам му предлага на в. д. градоначалникот на Општина Аеродром да ја одобри Планската програма за изработка на ДУП за градска четврт И16 блок И16.11 Општина Аеродром, Скопје.**

**Комисија за урбанизам:**

Иван Кокалановски

Страшко Хаџи Коцев

Зоран Пауноски

Јован Христоски — Jovan Hristoski — Digitally signed by Jovan Hristoski DN: c=MK, serialNumber=206558, sn=Hristoski, givenName=Jovan, cn=Jovan Hristoski Date: 2024.10.02 15:03:25 +02'00'

Елена Дракуловска Гигов — Elena Drakulovska Gigov — Digitally signed by Elena Drakulovska Gigov Date: 2024.10.02 11:00:08 +02'00'

Александар Јанакиески — Aleksandar Janakieski — Digitally signed by Aleksandar Janakieski Date: 2024.10.02 15:24:37 +02'00'

Датум: 02.10.2024 год.